# ЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА

# ЗА ЛЕОНАРДО МОБИЛНОСТ



**Дали има минимум број на партнери за
Леонардо Трансфер на иновации проектите? Ако има, колку од тие треба да бидат интернационални партнери кои треба да аплицираат за Леонардо проект?**

ДА. Проектите треба да бидат поднесени вклучувајќи најмалку 3 земји учеснички, од кои една од нив треба да биде членка на ЕУ.

**Дали постои оптимална големина за партнерство?**

ДА. Оценувачите на предлог проектите водат евиденција на мулти димензионални партнерства во Леонардо да Винчи. Исто така, проектите кои вклучуваат од прилика околу 6 партнери имаат поголеми шанси да успеат, отколку оние кое се многу мали или многу големи партнерства. Како и да е, важната работа на која е фокусиран проектот е специфичната потреба и резултат кои го обележуваат проектот, и дека партнерството е во согласност со тоа.

**Дали може во Леонардо да аплицираат физички лица?**

НЕ. Физичките лица, наспроти институциите, организациите и компаниите, не се подобни да добијат Леонардо грант.

**Колку писма на намери од партнери треба да бидат поднесени на ниво на аплицирање?**

За Трансфер на иновации проектите, треба да вклучите писма на намери од минимум број на транснационални партнери за да Вашиот предлог биде квалификуван: ова значи дека треба да вклучите најмалку две квалификувани земји не сметајќи ја Македонија. Траба да испратите копии од писмата на ниво на аплицирање и оригинали откога Вашиот предлог ќе биде предложен за успешен.

**Колку долго можат да траат проектите?**

За Трансфер на иновации проектите, временскиот проект може да биде од 12 до 24 месеци.

**Дали можам да направам промена на планирани проект активности кои веќе се еднаш прифатени?**

Договорната процедура дозволува потребни и/или релевантни измени на планираните активности пред започнувањето на проектот, обезбедувањето на клучните елементи на

проектот остануваат непроменети. Еднаш кога ќе започне проектот, барање за модификација треба да биде поднесено до Националната агенција на одобрување: и во некои случаи Амандман на договорот мора да се поднесе. Промените мора да се детално објаснети во согласност со целите на проектот. Битно е да се знае дека, оригиналната, главната цел на проектот не смее да биде променета.

### Дали е возможно да се добие продолжување на проектот?

Продолжување на проектот може да биде одобрено само во некои случаи. Проектот мора да добие претходно одобрение од Националната агенција која ќе ги разгледа можностите и користите од продолжувањето за да се добијат добри резултати. Нема да се добие дополнително средства за продолжувањето на проектот.

### Дали може продуктите креирани со Леонардо проекти да бидат комерцијализирани?

Да. Во програмата Доживотно учење проектите по својата природа се креативни процеси, кои може да резултираат во комерцијални продукти. Секој профит кој ќе се генерира за време на животниот циклус на проектот треба да биде прикажан во средниот/финалниот извештај и ќе ги ограничи Леонардо финансиските плаќања до одредена фаза. Сопственоста, наслов и интелектуални патент или имотни права во резултатите на проектот се доделени на изведувачот. Покрај тоа, изведувачот ќе им даде право на Националната агенција и Европската комисија за користење на резултатите кои произлегуваат од проектот за пропагирање или демонстрација. И на крај, доколку постои комерцијализација на продукт произведен од проектот, изведувачот треба да ја информира Националната агенција за овие комерцијални активности.

### Дали контакт податоците од успешните проекти се достапни?

ДА. Деталите за сите успешни Леонардо проекти од 1995 – 2006 година вклучувајќи ги и нивните производи и резултати можат да бидат симнати од страната на Европската Комисија Leonardo Compendium (1995 – 2006).
ADAM Database:- е датабаза на сите финансирани Леонардо проекти од 2007 година. Пребарувачот ви овозможува да ги пребарате сите проекти по сектори, теми и земји како и многу други опции за пребарување.

### Каква опрема може да се финансира со Леонардо гранд?

Комплетни детали за подобните трошоци во Програмата Доживотно учење може да се најдат во Водичот за Програмата Доживотно учење 2012 (Part I - General Provisions). Набавка, изнајмување или закупнина на опрема (нов или користена), вклучувајќи инсталација, одржување и осигурување како трошок може да бидат прифатени. Сите хардверски трошоци за амортизација треба да бидат направени во согласност со даночните и сметководствените правила на корисникот. Само дел од амортизацијата на опремата која соодветствува со траењето на дејството и стапка на вистинска употреба за целите на акцијата може да се земе во предвид. Лаптопи мора да бидат регистрирани во инвентарот на партнер институцијата. Овие трошоци можат да влезат во трошоци за опрема само во случаи кога се специфични и неопходни за постигнување на целите на

проектот и во овој случај тие мора да бидат образложени. Сета опрема за администрацијата на проектот мора да биде покриена од индиректни трошоци на проектот.

**Можам ли да ја искористам секцијата "други трошоци" за трошења што не можам да ги лоцирам во ниедна друга буџетска ставка?**

Да, ако тие се неопходни за остварување на целите на проектот, и ако се подобни во Водичот Програмата Доживотно учење 2012 (Part I - General Provisions). Секогаш треба да бидете во контакт со Националната Агенција пред да ги сместите трошоците во некое заглавие во буџетот.

**Кој курс треба да се употребува при конверзија на средствата?**

Апликациите треба да содржат детална пресметка на буџетот во кој сите цени се прикажани во евра.
Курсевите кои се користат за време на траењето на проектот се однесуваат на курсевите употребени во банкарските трансакции. Корисникот треба да го претвори секој направен трошок во евра според курс на банката на денот на трансферот на повеќето направени пред финансирања од Националната агенција до корисникот. Овој курс ќе биде користен за сите трошоци што ќе бидат направени во периодот од едно до друго пред финансирање на Националната Агенцијата до корисник.

**Дали можам да отидам на состанок со сопствено возило?**

Во согласност со Леонардо правилата да можете, и ќе ви биде направен поврат на средства за дадената релација со јавен превоз или стапка по километар во согласност со внатрешните правила на организацијата не повеќе од 0,22евра по километар (зависно што е поевтино). Ако има повеќе од едно лице во автомобилот, ќе ви биде направен поврат на само една карта.

**Дали треба да ја прикажеме позитивната камата од примените ЛДВ средства?**

Не, со почетокот на Програмата Доживотно учење каматата не треба да биде прикажана од корисникот (и не се покрива од страна на Националната агенција).

**Кога можам да очекувам да ги добијам средствата?**

Леонардо Трансфер на иновации средствата се исплаќаат на неколку делови, кои се дефинирани во Договорот помеѓу Апликант институцијата и Националната агенција. Проектите Трансфер на иновации со времетраење од 24 месеци ги добиваат средствата на неколку исплати како што следи: 40% на почеток на проектот по потпишување на договорот, 40% по добивањето на средниот извештај и 20% по добивање на финалниот извештај. Проекти кои се одобрени и им е наложено да поднесат извештај за напредокот ќе добијат 20% на почетокот на проектот и 20% за одобрување на Извештајот за напредокот, проследено со 40% за одобрување на привремен извештај и потсетување за одобрување на конечниот извештај.

Проекти со времетраење пократко од 24 месеци ќе добијат 80% на почетокот на проектот и потсетување за одобрување на финалниот извештај. Добро подготвените средни и финални извештаи кои се поднесени од корисникот ќе резултира во рамно (целосно) плаќање. Во овој контекст, “добро подготвени” треба да се преземат за да сите појаснувања и информации се ставени.

Порта Буњаковец А2-1 МК-1000 Скопје, Македонија
www.na.org.mk + 389 2 3103731